




PRESS 24 од секој агол

kupiprodaj.com - Онлајн пазар
Бесплатна достава за 1 ден, низ цела Македонија. Купи облека, мебел, масажери...



**ИЗДВОЕНО**




12.01.2023 - 10:29

Богоев: Многу пореално е да се случат уставни измени, предвремени избори нема да има

# ЗНМ: Функционерите мора да одговараат на прашањата на новинарите

25





12.01.2023 - 09:11

Најстудено на Попова Шапка - утрово измерени минус 9 степени



12.01.2023 - 09:01

Премиерот Ковачевски во работна посета на РЕК Битола

„Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) остро реагира на игноратниот, непрофесионалниот и крајно понижувачки однос од страна на генералниот секретар на градот Скопје Зоран Глигоров кон новинарските екипи за време на денешната прес конференција“, реагираат од ЗНМ.

„Денеска, генералниот секретар на Град Скопје Глигоров, во своето обраќање пред новинарските екипи даде куса изјава каде ги обвини приватните превозници за политичка блокада на градот и на крајот не сакаше да даде одговори на новинарски прашања со образложение дека имал други обврски. На таквата негова постапка, колегите новинари разочарано изреагирале дека тие не се дојдени да само да







држат микрофони туку и да постават прашања кои се од јавен интерес за граѓаните на градот Скопје.

Апелираме дека јавните функционери треба да се трудат да дадат одговори на сите новинарски прашања, а не да ги игнорираат и понижуваат новинарите и медиумските работници.

Потсетуваме дека новинарите се гласот на јавноста и нивна главна задача е да истражуваат и да поставуваат прашања кои се од јавен интерес, додека функционерите се тие кои треба да дадат одговори на тие прашања и да обезбедат безбедни услови за вршење на нивната работа“, велат од ЗНМ.




**Добивајте вести на Viber**

Следете не

Македонија
07.12.2022 - 20:59

Мебел Увоз од Германија
VASAGLE - најпродаваниот бренд за мебел на Amazon.com, достапен и во Македонија.
kupiprodaj.com

Слабеење за мрзливи
Една доза наутро е доволна за да изгубите 18 кг за еден месец...
world.livenews.cloud

## МАКЕДОНИЈА




## ПОПУЛАРНО


Проверете си ги сметките - започна исплатата на финансиската поддршка


Двајца разбојници прво со дрвен предмет претепале дедо, па му украле...


Хаос во Кавадарци: Натепан кавадарчанец во угостителски објект


Арсовска свика вонредна прес-конференција


Дневен хороскоп: Стрелецот да ги преиспита своите чувства

## ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ

- Арсовска: Никој нема да биде толериран, здравјето не смее да зависи од профитот